Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-173/2
Датум: 25-02-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-514/1 од 18.06.2025 година, поднесена од -----, во име на -----, членка на ----- и вработена во -----, против -----, управител на -----, за заштита од дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** од страна на -----, во својство на уптавител на ----- кон -----, врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 18.06.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од -----а, во име на -----, членка на ----- и вработена во -----, против -----, управител на -----, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека ----- е членка на ----- и е вработена на работно место готвач во ----- при -----. Според наводите во претставката, подносителката во период од две години била изложена на директна и индиректна дискриминација од страна на -----, управител на наведеното -----. Имено, се тврди дека управителот ја исклучувал подносителката од еднакво користење на работните права поврзани со распределбата на работата за остварување додатоци на плата, со што ѝ било ограничено правото на еднакви можности во однос на останатите работници, и тоа преку нејзино неангажирање за работа во неработни денови, празници и прекувремена работа. Во претставката дополнително се наведува дека наведената фактичка состојба може да се утврди од месечните планови и распореди за работа во -----. Исто така, оштетената има работен стаж од околу 20 години во -----, а со наведената дискриминација се соочува во последните две години, а особено во последните шест месеци сметано од денот на поднесување на претставката. Во прилог на претставката ----- доставува и барање за правна помош и изјава за застапување во постапка пред КСЗД.

Имајќи предвид дека фактите и околностите на кои се темели претставката се нецелосни и нејасни, Комисијата на 19.06.2025, согласно чл. 24, ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, го задолжи подносителот да ја доуреди претставката. Поконкретно, во барањето за доуредување се побара да се конкретизираат дејствијата со кои подносителот смета дека е сторена дискриминација, бидејќи описот на фактичката состојба од претставката не содржи

доволно информации. Дополнително, Комисијата од подносителот побара да се наведе и причината поради која смета дека е извршена дискриминацијата, односно да ја наведе заштитната карактеристика која лицето ја поседува, а поради која подносителот смета дека врз истата се врши дискриминација.

На 01.08.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено доуредување на претставката од страна на подносителот, акт насловен како „дополнение на поднесок". Во доуредувањето подносителот како основ за дискриминација наведува работен однос, но во образложението на поднесокот се наведува дека оштетената е дискриминирана заради лични причини, односно лично својство. Во поднесокот се повторува дека ----- не е ангажирана со работа во неработни денови, празници и прекувремена работа, што може да се утврди во месечните планови за работа на одморалиштето, а со што се врши спречување и ограничување на еднакви можности. Дополнително, во прилог на поднесокот, подносителот доставува и писмена коресподенција од оштетената до пријавениот потенцијален дискриминатор во која се дава предупредување за престанување со психичко вознемирување на работно место.

На 26.09.2025, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ги достави претставката и поднесокот за дополнување и доуредување на претставката до ----- за произнесување.

На 15.10.2025 во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок за произнесување од страна на -----. Во поднесокот се наведува дека по наводите од претставката ----- веќе се произнело до подносителот и -----, а дополнително за истата правна работа постапувал и Државниот инспекторат за труд, кој утврдил дека претставката на подносителот е неоснована. Во рамките на поднесокот, ----- го доставува споменатото произнесување, како и коресподенција помеѓу ----- и подносителот во однос на постапување на ----- по претставка на подносителот, како и записник бр. ----- од 09.07.2025 за извршен вонреден инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд во -----.

Имајќи предвид дека копијата од доставениот записник за извршен вонреден инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд во -----, не беше доволно читка и разбирлива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.12.2025 година достави Барање за доставување информации до ДИТ, во кое, согласно чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација побара информации во врска со спроведени инспекциски надзори во -----, односно дали се идентификувани повреди кај работодавачот, како и да се достават записници од спроведените надзори.

На 05.02.2026 во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доставување информации од Државниот трудов инспекторат. Во поднесокот се наведува дека подрачниот ДИТ постапувал по претставка на ----- бр. ----

- од 03.07.2025, а во врска сос дискриминација кон лицето -----, од страна на лицето -----, двајцата вработени во -----. За спроведениот инспекциски надзор составен е записник бр. -----, а при надзорот била извршена евиденција во работното време на работодавачот и не била утврдена дискриминација врз -----, за што бил известен и подносителот на претставката. Во прилог на поднесокот, ДИТ го доставува и известувањето по претставката на подносителот, заверено под бр. ----- од 14.07.2025 година, во кое се наведува дека при евиденцијата во работењето кај работодавачот во периодот јануари – јуни 2025, ----- била работно ангажирана прекувремено, за време на празници и во недела, не помалку од било кој друг работник во -----, а во месец мај 2025 има реализирано 25 часа работа во недела што претставува оптимум кој може да се оствари. Споредувајќи ги податоците од евиденцијата за ----- и останатите вработени, ДИТ не утврдил дискриминација.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката и поднесокот за доуредување на претставката на подносителот, наводите и доказите од поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и добиените податоци од Државниот инспекторат за труд, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај не била извршена дискриминација врз ----- врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи од страна на -----, како управител на -----.

Имено, од утврденото произлегува дека во случајот не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување кон ----- за разлика од другите вработени во посоченото -----. Во таков случај не се исполнети елементите на дискриминација, имајќи предвид дека е детектирана единствено заштитна карактеристика, за која не е докажано дека е поврзана со работните услови на подносителот што резултира со нееднаков третман кон него. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во конкретниот случај подносителот како дискриминаторска основа го навел лично својство на -----. Иако, во праксата на ЕСЧП се уште не е целосно јасно дефинирано значењето на личното својство, сепак судот во својата пракса го врзува за надворешниот физички изглед и неговите карактеристики, потекло, поврзаност со определена професија, со сегашниот или поранешниот статус на затвореник или имигрант, итн. Имајќи предвид дека станува збор за прилично широк опфат на оваа заштитна карактеристика, подносителите кои се повикуваат на дискриминација врз лично својство треба да прецизираат за кој точно аспект од личното својство станува

збор, односно заради кој дел од нивното лично својство сметаат дека се дискриминирани. Подносителот, тоа не го прави во предметната претставка, туку едноставно само наведува дека ----- е дискриминирана од лични причини.

Освен тоа, подносителот не докажа дека работодавачот кон ----- постапува нееднакво за разлика од други вработени кои биле во иста или слична ситуација, бидејќи согласно утврдената фактичка состојба од записникот за извршениот инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд, по истата правна работа, ----- немала помалку работни часови во празници, прекувремена работа и недела од другите вработени од -----. **Во недостаток на врската помеѓу дискриминаторска основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување не може да стане збор за дискриминација.**

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----